АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 21. 11. 2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 5091 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен;

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес;

3. **Период опфатен со надзорот:** 26 октомври 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 ноември 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 26.08.2019 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1 бр.03-424, од 26.08.2019 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (29.08.2019 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес, емитуван на 26 октомври 2019 година, на локално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **не постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена**, односно - не ја отстранил извршената повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

На 26 октомври 2019 година, програмскиот сервис на ТРД Телевизија КАНАЛ – 21, емитуваше повеќе програми без да ја аплицира предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица, ниту пред, ниту за време на нивното емитување.

**26.10.2019 г.**

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Дали да кажам „ДА"? (DO I SAY I DO?)" – игран филм (почеток на 25.10.2019 во 23:03:01) | 00:00:00 | 00:26:27 |
| „Дали да кажам „ДА"? (DO I SAY I DO?)" – игран филм | 16:22:12 | 17:45:35 |
| „Ханибал" - игран фим | 00:26:36 | 02:37:53 |
| „Хари Потер и одајата на тајните"- игран фим | 02:38:11 | 05:19:00 |
| „Аладин" – анимиран филм | 12:14:47 | 13:41:28 |
| „Да се биде Ив"- сериски филм | 13:42:39 | 14:06:08 |
| „Да се биде Ив"- сериски филм | 14:06:10 | 14:29:27 |
| „Да се биде Ив"- сериски филм | 14:29:28 | 14:52:57 |
| „Фамилијата Реј" - сериски филм | 19:18:45 | 19:57:52 |
| „Фамилијата Реј" - сериски филм | 19:57:54 | 20:35:53 |
| „Фамилијата Реј" - сериски филм | 20:35:56 | 21:17:18 |
| „Гол ручек" – игран филм | 23:01:40 | 23:59:59 |
| **Опис на прекршувањето:**<br><br>Програмите се емитуваа без сигнализација за заштита на малолетници. | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес, на 26 октомври 2019 година, повеќе играни програми беа емитувани без да бидат означени со сигнализација за заштита на малолетните лица.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 26.08.2019 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес, продолжи со вршење на повредата од **член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Оттаму:

- **Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата да поднесе предлог за поведување прекршочна постапка.**

***Сектор за програмски работи***